**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за измена и дополнување на закон за правда за децата |
| Одговорно лице и контакт информации: | Петар Мирковиќ, државен советник<br>pmirkovic@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☐ Предлог извештај |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>XXXX☐Друго усогласување со Закон за бесплатна правна помош |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 8.07.2019 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 29.07.2019 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 14.08.2019 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Август 2019 |

**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) се уредува правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекуграничните спорови, правна помош за деца, признавање на право на азил, надзор и увид над примената на бесплатна правна помош.

Во член 39 од законот е предвидено дека "одредбите од овој закон за правилата на постапката за одобрување на секундарна правна помош не се применуваат во обезбедувањето на правна помош на дете согласно одредбите на Законот за правда за децата. Кога правната помош се дава на деца во постапките пред центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи во согласност со одредбите од Законот за правда за децата, Министерството има обврска само да врши исплата на доставениот трошковник од страна на адвокатот.

За да се заокружи правната рамка за бесплатна правна помош на деца, потребно е во законот за правда на децата да се предвидат одредби кои ќе ја регулираат постапката за одобрување на барањето за бесплатна правна помош пред центрите за социјална работа, кога се водат постапки пред центарот за социјална работа и пред Министерството за внатрешни работи (член 25 и член 116 од законот).

Воедно се врши и усогласување со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19) каде висината на глобите за прекршоците сторени од страна на физичките лица е драстично намалена и се определува кој надлежен орган води прекршочна постапка и кој изрекува прекршочна санкција.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Во законот не е регулирана постапката за одобрување на барањето за бесплатна правна помош на децата поднесени од страна на нивните родители/старатели, кога се водат постапки пред центарот за социјална работа и пред Министерството за внатрешни работи.

Законот во делот на висината на глобата не е усогласен со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19).

## 2. Цели на предлог регулативата

Заштита на правата на децата во постапка пред центрите за социјална работа и пред Министерството за внатрешни работи.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Доколку се прифати вакво решение нема да се постигне горенаведената цел. Имено, при практично спроведување на законот за бесплатна правна помош нема можност да се води постапка за одобрување на правото на бесплатна правна помош за деца во постапките пред центрите за социјална работа како и пред овластените службени лица во министерството за внатрешни работи.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со овој предлог на закон се уредува постапката за одобрување на барањето за бесплатна правна помош пред центрите за социјална работа, за постапки кои се водат пред центарот за социјална работа и пред Министерството за внатрешни работи.

Исто така се врши намалување на висината на глобата која што може да му се изрече за прекршок на родители/и/от, односно старатели/и/от кој не соработува во исполнување на определените обврски на детето кои се однесуваат на мерката засилен надзор.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија - нема

4.2 Фискални влијанија - НЕМА

4.3 Социјални влијанија – НЕМА

4.4 Влијанија врз животната средина - НЕМА

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

*Министерство за труд и социјална политика, Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, Министерство за внатрешни работи, Адвокатска комора на Република Северна Македонија, преку доставување на барања на мислења.*

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Мислењата од Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Адвокатска комора на Република Северна Македонија, се без забелешки.

Забелешките добиени од страна на Секретаријат за законодавство се вградени, а се однесуваат за определување на рокот за донесување на првостепеното решение пред центарот за социјални работи и пред Министерството за труд и социјална политика.

Забелешките и укажувањата на Македонско здружение на млади правници во делот на определување кој поднесува барање за бесплатна правна помош, пропишување на одредби за образецот на барањето, рокот во центарот за социјални работи ќе го издаде решението се прифатени и вградени.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто.

Забелешките од страна на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје кои се однесуваат на измените на член 25 и 116 не се замени во предвид бидејќи се нарушува концептот на целиот закон во делот на постапувањето на центарот за социјални работи.

Забелешките дадени од страна на Македоноско здружение на млади правници (предлог 1) да се заземе став дали адвокатите кои учествуваат во заштита на правата на децата во постапките пред центрите за социјална работа и пред овластените лица на министерството за внатрешни работи треба да бидат регистрирани во регистарот на МП за адвокати кои даваат бесплатна правна помош, не се прифаќа од причина што претстои посеопфатна дополнителна анализа и измени на законот за правда на децата во која ќе се разгледа можноста за разрешување на оваа дилема. Предлогот бр. 2 не е земен во предвид бидејќи не е поврзан со усогласувањето на законот со веќе донесениот нов Закон за бесплатна правна помош, но од друга страна претстои посеопфатна дополнителна анализа и измени на законот за правда за децата при што ќе се формира посебна работна група во која ќе членуваат претставници од судовите, јавните обвинителства, адвокатите и невладиниот сектор, која ќе го има во предвид наведениот предлог.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

*Позитивни :* Со донесување на предложениот закон се врши доуредување на одредбите од Законот кои се однесуваат на наплата на средствата за пружената правна помош спрема детето и малолетникот во постапувањето на адвокатите пред центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи. Со предложеното решение во однос на оваа проблематика, исто така се унифицира начинот и постапката за наплата на средствата за пружената правна помош спрема детето во постапките предвидени со овој предлог закон.

*Негативни : Донесувањето на предлог законот ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна.*

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Доколку не се донесат предвидените измени постои ризик правата на децата да бидат загрозени во постапките пред центрите за социјални работи и пред Министерството за внатрешни работи.
Доколку се донесат предвидените измени нема ризик по правата на децата.

6.3 Препорачано решение со образложение

Донесување на измените на законот овозможува доуредување на одредбите кои ќе ја регулираат постапката за одобрување на барањето за бесплатна правна помош пред центрите за социјална работа, за постапки кои се водат пред центарот за социјална работа и пред Министерството за внатрешни работи а во кои присуството на адвокат е задолжително.

Исто така се предлага овој закон да отпочне да се применува од денот на примената на законот за бесплатна правна помош..

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Нема потреба од менување на други закони.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Потребно е да се донесе правилник за форма и содржина на барањето за бесплатна правна помош од страна на министерот за труд и социјална политика во рок од 15 дена од денот на донесувањето на законот

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Министерството за правда, Центри за социјална работа, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и Адвокатска комора на Република Северна Македонија.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Активно вклучување на сите чинители во спроведувањето на законот, ефикасно и навремено постапување на надлежните институции, соодветно преземање одговорност за начинот на спроведувањето, организирање на обуки за вработените во центрите за социјални работи, адвокатите и овластените службени лица на Мимнистерството за внатрешни работи, подигнување на јавната свест и информирање за постоење на можноста за користење на правото на бесплатна правна помошод страна на децата.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Министерството за труд и социјална политика ќе го следи спроведувањето и ќе биде надлежно за вршење надзор преку собирање, обработка и анализа на податоци доставени од страна на центрите заа социјална работа.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

По истекот на три години од денот на неговата примена би можело да се даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон, кои би биле релевантен показател на ефектот на примена на одредбите од предлог на законот.

**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

*За следење на примената на законот ќе се применуваат следните индикатори:*

1. *Индикатор за стапка на решени предмети (СРП – индикатор)*

   *Овој индикатор го покажува односот меѓу примените предмети и завршените предмети на годишно ниво, изразени во проценти.*

$$СРП = \frac{\text{Решени предмети} \times 100}{\text{Примени предмети}}$$

2. Индикатор на стапка на одобрени барања за бесплатна правна помош (СОБ – индикатор)

$$СОБ = \frac{\text{Број на одобрени барања} \times 100}{\text{Број на поднесени барања}}$$

| **Изјава од министерот** |
|---|
| **Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.** |
| **Датум:** 21. 08. 2019 ........................................ **потпис на министерот** |